**ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш**
ул.Илија Алексов број 102
www.mmrevizija.mk e-mail: info@mmrevizija.mk

# Осигурително Брокерско Друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 Декември 2024 година
## со извештај од независниот ревизор

Радовиш, мај 2025 година

# СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 3 |
| Извештај за сеопфатната добивка | 5 |
| Извештај за финансиската состојба | 6 |
| Извештај за готовинските текови | 7 |
| Извештај за промените во капиталот | 8 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 9 |

Додатоци

Додаток 1 – Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Додаток 2 - Годишна сметка

Додаток 3 - Годишен извештај за работењето

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До акционерите на**
**Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на **Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица** (во понатамошниот текст "Друштвото"), составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2024 година и Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за паричните текови и Извештај за промените во капиталот за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации, вклучени на страните од 5 до 25.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи.
Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.
Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

(*продолжува)*

**ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш**
ул.Илија Алексов број 102
www.mmrevizija.mk e-mail: info@mmrevizija.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До акционерите на**
**Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица (продолжение)**

***Мислење***
Според наше мислење, финансиските извештаи на Друштвото ја прикажуваат реално и објективно, финансиската состојба на ден 31 декември 2024 година на **ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**, резултатите од работењето, како и паричните текови и промените во главнината за годината што завршува тогаш, изготвени во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***
Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 240 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност за Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на **Осигурително брокерско друштво ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица** за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

Радовиш, 09.05.2025 година

Овластен ревизор:
Стојна Здравева

ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш
Управител

Трговец поединец Стојна Станој Здравева Т.П ММ РЕВИЗИЈА Радовиш

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА**
**31 декември 2024 и 2023 година**

(во 000 МКД)

| | Белешки | 31.12.2024 | 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5 | 6,197 | 4,331 |
| Останати приходи | 6 | 170 | 0 |
| **Вкупни оперативни приходи** | | **6,367** | **4,331** |
| Потрошени материјали | 7 | 274 | 242 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 8 | 524 | 537 |
| Амортизација | 11 | 231 | 99 |
| Останати деловни расходи | 9 | 3,230 | 2,474 |
| **Вкупни оперативни расходи** | | **4,259** | **3,352** |
| **Добивка од оперативни активности** | | **2,108** | **979** |
| Финансиски приходи | 10 | 0 | 0 |
| Финансиски расходи | 10 | (93) | (44) |
| **Нето финансиски приходи-расходи** | | **(93)** | **(44)** |
| **Добивка пред оданочување** | | **2,015** | **935** |
| Данок на добивка | 18 | 202 | 94 |
| **Добивка за годината** | | **1,813** | **841** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2025 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тања Галабовска

Извршен директор
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
### на 31 декември 2024 и 2023 година

(во 000 МКД)

| Средства | Белешка | 31.12.2024 | 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 11 | 4,148 | 674 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **4,148** | **674** |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарување од купувачите | 12 | 1,751 | 1,729 |
| Останати побарувања | 13 | 700 | 950 |
| Парични средства | 14 | 2,521 | 2,034 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,972** | **4,713** |
| **Вкупно средства** | | **9,120** | **5,387** |
| **Главнина** | | | |
| Основна главнина | 15 | 3,075 | 3,075 |
| Резерви | 15 | 125 | 47 |
| Пренесена загуба | 15 | 0 | (763) |
| Добивка за годината | 15 | 1,813 | 841 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **5,013** | **3,200** |
| **Обврски** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 16 | 694 | 1,099 |
| Други краткорочни обврски | 17 | 3,160 | 973 |
| Обврски за даноци | 18 | 120 | 85 |
| **Вкупно обврски** | | **3,974** | **2,157** |
| ПВР | 19 | 133 | 30 |
| **Вкупно главнина и обврски** | | **9,120** | **5,387** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2025 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тања Галабовска

Управител
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИОТ ТЕК**

(во 000 МКД)

| | **31.12.2024** | **31.12.2023** |
|---|---|---|
| Добивка за годината | 1,813 | 841 |
| Побарувања од купувачите | (22) | (14) |
| Останати побарувања | 250 | (138) |
| Обврски спрема добавувачи | (405) | (36) |
| Тековни даночни обврски | 35 | 74 |
| Останати обврски | 2,187 | 809 |
| ПВР | 103 | 30 |
| **Нето готовински прилив од деловните активности** | **3,961** | **1,566** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавки/оттуѓувања на материјалните средства | (3,474) | (481) |
| **Нето готовински приливи од инвестициони активности** | **(3,474)** | **(481)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Резерви | 78 | 13 |
| Акумулирана добивка | (78) | (13) |
| **Нето готовински приливи од финансиски активности** | **0** | **0** |
| **Нето зголемување и намалување на готовинските текови** | 487 | 1,085 |
| **Парични еквиваленти на почетокот од годината** | 2,034 | 949 |
| **Парични еквиваленти на крајот од годината** | **2,521** | **2,034** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2025 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тања Галабовска

Управител
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки.

**ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
### За годините што завршуваат на 31 декември 2024 и 2023 година

(во 000 МКД)

| | Основачки капитал | Резерви | Останати резерви | Акумулирана добивка/ пренесена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2023 година** | **3,075** | **47** | **0** | **(763)** | **2,359** |
| Добивка за 2023 година | 0 | 0 | 0 | 841 | **841** |
| **Состојба на 31.12.2023 година** | **3,075** | **47** | **0** | **78** | **3,200** |
| | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2024 година** | **3,075** | **47** | **0** | **78** | **3,200** |
| Пренос на акумулирана добивка | 0 | 78 | 0 | (78) | **0** |
| Добивка за тековната година | 0 | 0 | 0 | 1,813 | **1,813** |
| **Состојба на 31.12.2024 година** | **3,075** | **125** | **0** | **1,813** | **5,013** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на ИБИС ОСИГУРУВАЊЕ АД Струмица на ден 28-ми февруари 2025 година и се потпишани во негово име од страна на:

Одговорен сметководител
Тања Галабовска

Управител
Бранислав Најдов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки